| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Новогодишни радости |
| **Содржина на денот** | Запознавање со ликот на Дедо Мраз |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Запознавање на децата со основните хигиенски умеења и навики,како и осознавање зошто е важно постојано да се употребуваат овие навики. |
| **Активност** | Прочитајте ја со Вашето дете стихотворбата:<br>Дедо Мраз<br>Ветер дува,снежец роси,<br>надвор се е бело!<br>Дедо Мраз-дарови носи,<br>за децата во град и село!<br><br>Чоколади,кукли,топки,<br>во торбата има сешто<br>и за Миле и за Лиле<br>и за секого по нешто!<br>Набљудувајте ја заедно сликата на Дедо Мраз или постер,електронски медиум (слика 1). Поведете разговор за изгледот,деталите од облеката,бојата,како и со што патува и т.н.(слика 2). Опишете ги карактерните особини на Дедо Мраз и зошто е омилен кај децата. Потоа можете да му дадете на Вашето дете да ја обои облеката на Дедо Мраз во контура,со дрвени боици (слика 3). |